**Прашања од акционерите**

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред пред одржување на седницата на Собранието на акционери како и на денот на одржување на седницата.

Друштвото одговара на поставените прашања доколку тоа не е во спротивност со доверливоста во работењето, принципите на Друштвото и деловната тајна, како и деловните интереси на Друштвото.

Друштвото може да даде еден збирен одговор на прашањата со иста содржина. Друштвото може да одговара директно на акционерите или да ги објавува одговорите на поставените прашања на својата веб-страница во формат на прашање и одговор.

Акционерот го доставува прашањето во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер - физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер - правно лице.

Заедно со доставеното прашање, акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

1. За акционер - физичко лице се приложува:
   - Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, во оргинал, не постар од три дена;
   - Копија од лична карта или пасош.

2. За акционер - правно лице се приложува:
   - Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена;
   - Последна тековна состојба од Централниот регистар во оригинал, не постара од седум дена;
   - Копија од лична карта или пасош на законскиот застапник.

Прашањето заедно со документите за идентификација задолжително треба да бидат примени во ТД МАКОШПЕД АД Скопје.

Оваа постапка се однесува на акционерите кои ќе поставуваат прашања по писмен или електронски пат.

Адреса на која се доставуваат прашањата :

ТД Макошпед АД Скопје
Ул. Македонија бр.19 Скопје
1000 Скопје
Одбор на директори  на Друштвото
Со назнака: „За Годишно собрание на акционери“.